З А П И С Н И К
од Сто педесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 март 2026 година

Скопје, март 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто педесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 март 2026 година

Седницата започна во 14:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028), за февруари 2026 година

2. Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028), за февруари 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам, да ги вклучи номинираните претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во работните групи во кои се номинирани и во рок од 10 дена да достави барање до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за номинација на членови во новоформирани работи групи за изработка на предлог на закони и национални стратегии.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, да подготви и до Владата да достави нов Предлог на закон за уредување и поддршка на пазарите со земјоделски производи, најдоцна до 31 мај 2026 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, пред објава на јавниот повик за локални манифестации, а најдоцна до 31 март 2026 година, да направи изменување и дополнување на Уредбата за активности, максимални износи по активности, корисници, субјектите кои учествуваат во тоа, поблиските критериуми и резултати на доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој во насока на редефинирање на начинот на доделување на поддршката по корисник согласно јасно дефинирани критериуми за репрезентативност по број на членови, вид на земјоделски производ, регионална застапеност и сл.

4. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во рок од 10 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави календар на исплата на директни плаќања согласно мерките предвидени во Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2026 година.

5. Се препорачува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје, во рок од 15 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација со предлог-модел за трансформација на јавното претпријатие.

6. Се задолжува Министерството за одбрана, во рок од 10 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави барање за номинација на членови во формирани работи групи за изработка на предлог на закони, национални

стратегии и на другите стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, веднаш да достави целосен табеларен преглед за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) и редовно да го почитува утврдениот рок за месечно известување.

8. Се задолжуваат сите министерства, други органи на државна управа и управните организации, а им се препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 10 дена, да достават информација за тоа колкав е бројот на комисии и други работни тела основани од нивна страна, бројот на членови во истите, дали е предвиден надоместок за членовите и колкава е висината на истиот.

9. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 10 дена, да достави информација колкав е бројот на комисии и други работни тела основани од Владата, бројот на членови во истите, дали е предвиден надоместок за членовите и колкава е висината на истиот.

10. Се задолжуваат сите министерства, други органи на државна управа и управните организации, а им се препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа при изработка на предлог на закони, програми и планови од нивна надлежност, кои како обврска произлегуваат од Програмата за работа на Владата (2024-2028), во рок од пет дена пред доставување во владина постапка за разгледување и усвојување, да ги достават на мислење и до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 2

Владата ги разгледа Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства и други органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, материјалите кои ги доставуваат за разгледување во Владина постапка, покрај електронски пат преку порталот e-vlada истите да ги доставуваат и во печатен/хартиен примерок, согласно Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат институциите од Табеларниот преглед 1 (материјали кои треба да се достават до Владата), да постапат по задолженијата утврдени на седниците на Владата, односно да ги достават информациите, во рок од две недели.

3. Се задолжуваат институциите од Табеларниот преглед 2 (спорни и нереализирани материјали), во рок од седум дена со допис да се произнесат во однос на потребата за продолжување на Владината постапка за нивните материјали наведени во истиот, а доколку не постапат, истите ќе се сметаат за симнати од Дневен ред/затворени.

4. Се задолжуваат институциите од Табеларниот преглед 3 (одложени материјали од седници на Владата), во рок од 14 дена да постапат по задолженијата.

5. Се задолжува Министерството за европски прашања во соработка со Секретаријатот за законодавство, во рок од три недели до Владата да достави Предлог-одлука за востановување на ознака на прописите на Европската Унија во законите со кои се врши усогласување со правото на Европската Унија, Предлог-одлука за востановување на ознака на прописите на Европската Унија во подзаконските прописи со кои се врши усогласување со правото на Европската Унија, Предлог-одлука за формата и содржината на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија, Кореспондентната табела формулар МКД-ЕУ и формулар ЕУ-МКД со упатства за нивно пополнување и мислење на Секретаријатот за законодавство за Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентната табела на прописот, согласно заклучокот од Нацрт-записникот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година, точка 77 (Прашања и предлози).

6. Се задолжуваат министерствата при доставување на предлог на закони до Владата, да го почитуваат Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценката на влијанието на регулативата, согласно Методологијата за проценка на влијанието на регулативата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.119/25).

**Точка 3**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.